УСПИ.бр.15/2017

УПРАВНИОТ СУД, во совет составен од судиите: Нада Иванова - претседател на совет, Мустафа Шахини и Весна Јовановска - како членови на совет, со записничар Лапосава Веноска виш судски соработник, решавајќи по Предлогот на предлагачот Дарко Димовски од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје, против Централен регистар на Република Македонија, за заштита поради незаконско дејствие, на седницата на советот одржана на 10.05.2017 година, согласно член 62 став 1 од Законот за управните спорови донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на Дарко Димовски од Скопје, за заштита поради незаконско дејствие, со кој се бара од Судот да донесе решение со кое ќе се задолжи противникот Централниот регистар на Република Македонија, да изврши упис на промена на овластено лице по барање на Министерството за труд и социјална политика од 14.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски, а ќе го впише името на Дарко Димовски како овластено лице на Сојузот на синдикати на Македонија, СЕ ОДБИВА.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.01.2017 година до овој суд, Дарко Димовски од Скопје достави Предлот за заштита поради незаконско дејствие, во кој наведе дека на 13.11.2016 година Сојузот на синдикати на Македонија на одржаната седница на Советот на Сојузот на синдикати на Македонија, донел одлука за отповикување на функцијата председател на ССМ и председател на ССМ-Живко Митревски. На истата седница за в.д.председател на ССМ бил именуван Дарко Димовски, па затоа согласно законските прописи Советот на Сојузот на синдикати на Македонија веднаш го известил Министерството за труд и социјална политика и поднел Барање за упис на промена на овластено лице во Регистарот на синдикатите, а Министерството за труд и социјална политика донело Решение Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година со кое го уважило барањето за упис на промена и ја извршило промената во Регистарот на синдикатите и како овластено лице го запишало Дарко Димовски од Скопје. Потоа, согласно законската обврска Министерството за труд и социјална политика по службена должност на ден 18.11.2016 година го доставило решението до Централниот регистар на Република Македонија со цел да се изврши упис на промена на базата на податоци. Како Централниот регистар на Република Македонија и овластените лица вработени во истиот не извршил промена на податоци во базата на податоците, предлагачот тврди дека се повредени слободите и правата загарантирани со Уставот, на начин што спречиле организација на Сојуз на синдикати на Република Македонија да го оствари своето право за избор на председател со што сторена е повреда на правото на слободно сидикално здружување загарантирано со член 37 од Уставот на Република Македонија, па на судот му предложи да донесе решение со кое ќе се задолжи противникот Централниот регистар на Република Македонија, да изврши упис на промена на овластено лице по барање на Министерството за труд и социјална политика од

18.11.2016 година, на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски, а ќе го впише името на Дарко Димовски како овластено лице на Сојузот на синдикати на Македонија.

Управниот суд со Барање од 18.01.2017 година се обрати до подносителот за уредување на Предлогот, задолжувајќи го предлагачот во рок од 3 дена по приемот да го уреди предлогот на начин што ќе наведете дејствието, местото и времето кога е сторено, органот, организацијата, односно заедницата или службеното лице кое го сторило тоа, докази за тоа, како и барање да се отстрани пречката или ограничувањето за вршење на правата или обврските,со укажување дека услови за поднесување на предлогот согласно одредбите од член 57 од Законот за управните спорови, кои се кумулативно предвидени се: Повредатата на конкретни слободи и права загарантирани со Уставот да е сторена со конечен поединечен акт, а не е обезбедена друга судска заштита, повредата да е сторена со дејствие на службено лице во орган на државната управа, односно на одговорно лице во претпријатие, установа или во друга организација или заедница и дејствието да трае.

До Судот предлагачот Дарко Димовски од Скопје на 24.01.2017 година достави поднесок за доуредување на Предлогот за заштита поради незаконско дејствие во кој појасни дека Министерството за труд и социјална политика на 14.11.2016 година донело решение Бр.08-8191/2 за впишување на лицето Дарко Димовски од Скопје во Регистарот на синдикатите како лице овластено за застапување. Наведеното Министерство по службена должност согласно Законот за работните односи на ден 18.11.2016 година го доставило решението до Централниот регистар на Република Македонија кој бил должен да изврши промена во тековната состојба на субјектот и да постапи по решението. Исто така појасни дека Централниот регистар на Република Македонија, не постапил по Барањето и Решението на Министерството за труд и социјална политика, туку ја прекинал постапката меѓутоа за тоа не донел формален акт-Заклучок, не оставјќи можност заинтересираните страни да изјават жалба а потоа евентуално да покренат управен спор.

Од страна на Централниот Регистар на Република Македонија на 25.01.2017 година е доставен писмен одговор на Предлогот за заштита поради незаконито дејствие кон кој се приложени и списи за постапувањето на овој орган по донесеното решение на Министерството за труд и социјална политика, меѓу кои и донесениот акт - Заклучокот на Централниот Регистар на Република Македонија број 30120160044043 од 21.11.2016 година, а според кој во точка 1 од изреката, постапката по пријава со деловоден број 30120160044043 од 18.11.2016 година поднесено од Министерството за труд и социјална политика за упис на Решение Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година, донесено од Министерството за труд и социјална политика за упис на промена на лице овластено за застапување на Сојуз на синдикати на Македонија, се прекинува и прекувањето на постапката ќе трае до правосилното завршување на постапката пред Основното јавно обвинителство Скопје број КО 3 бр.583/2016. Во Заклучокот дадена е правна поука дека подносителот има право на жалба во рок од 3 дена од приемот на заклучокот

Управниот суд, постапувајќи по поднесениот Предлог за заштита поради незаконско дејствие заснован на член 57 од Законот за управните спорови, и оценка на содржината на предлогот и приложените докази кон истиот, поднесокот за прецизирање на предлогот како и наводите изнесени во Одговорот на предлогот даден од Централниот Регистар на Република Македонија, приложените списи кон

истиот и напатсвијата дадени во Решението УСПИЖ.бр.1/2017 од 20.03.2017 година на Врховниот суд на Република Македонија, најде дека:

Предлогот за заштита поради незаконско дејствие е неоснован.

Со одредбата од член 55 од Законот за управните спорови (Службен весник на РМ бр.62/2006 и бр.150/2010), е предвидено дека за барањето за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот ако таква слобода и право е повредена со конечен поединечен акт, а не е обезбедена друга судска заштита, одлучува судот надлежен за управните спорови, во согласност со закон.

Во член 56 од истиот закон е предвидено - ако слободите и правата загарантирани со Уставот се поведени со дејствие на службено лице во орган на државната управа односно одговорно лице во претпријатие, установа или друга организација или заедница, со кое спротивно на закон непосредно му се спречува или ограничува на поединец, организација или заедница остварувањето на слобода или право, заштитата се обезбедува во постапката утврдена во членовите од 57 до 64 на овој Закон, доколку не е обезбедена друга судска заштита.

Согласно член 57 од Законот за управните спорови, во предлогот за заштита поради незаконско дејствие ќе се наведе дејствието, местото и времето кога е сторено, органот, организацијата, односно заедницата или службеното лице кое го сторило тоа, докази за тоа, како и барање да се отстрани пречката или ограничувањето за вршење на правата и обврските.

Според член 58 став 1 од наведениот закон, предлогот може да се поднесе додека трае дејствието.

Од списите на предмет произлегува дека Министерството за труд и социјална политика на 14.11.2016 година донело решение Бр.08-8191/2 за впишување на лицето Дарко Димовски од Скопје во Регистарот на синдикатите како лице овластено за застапување. Наведеното министерство по службена должност согласно Законот за работните односи на ден 14.11.2016 година го доставило решението до Централниот регистар на Република Македонија. Централниот регистар на ден 18.11.2016 година на подносителот на решението му издал потврда за прием на истото евидентиран со деловоден број 30120160044043. На ден 21.11.2016 година од Основното јавно обвинителство Скопје до Централниот регистар на Република Македонија бил доставен допис бр.08-1696/1 со Барање за привремено, до правосилно завршување на постапката под број КО 3 бр.583/2016 да се одземе Решението Бр.08-8191/2 14.11.2016 година на Министерството за труд и социјална политика. Постапувајќи по Барањето од 18.11.2016 година за упис и дописот бр.08-1696/1 на ОЈО Скопје, Централниот регистар на ден 21.11.2016 година, донел Заклучок 30120160044043, со кој постапката по пријава број 30120160044043 од 18.11.2016 година поднесено од Министерството за труд и социјална политика за упис на Решение Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година донесено од Министерството за труд и социјална политика за упис на промена на лице овластено за застапување на Сојузот на синдикати на Македонија, ја прекинал. Во став 2 од заклучокот наведено е дека прекинување на постапката ќе трае до правосилното завршување на постапката пред ОЈО Скопје КО 3 бр.583/2016. Во наведениот заклучок дадена е правна поука за жалба, а подносителот на барањето за упис не се користел со правото на жалба. Во списите на предметот има доказ дека на ден 23.11.2016 година Заклучокот од 21.11. 2016 година, уредно е примен од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Министерството за труд и социјална политика на доставениот Заклучок за прекин на постапката, доставил Ургенција бр.08-8191/3 од 24.11.2016 година за постапување по привичната пријава за упис на Решение Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година на што Централниот регистар испратил Одговор на Ургенција бр.08-3689/1 од 25.11.2016 година во кој објаснил дека по пријавата ќе се постапува по донесување на конечна одлука за предходно прашање објасното во Заклучокот број 30120160044043 од 21.11.2016 година. Од страна на Министерството за труд и социјална политика на ден 21.12.2016 година, повторно било доставено барање за упис на овластено лице од Решение Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година донесено од страна на Министерството за труд и социјална политика и како подносител на барањето за упис се јавува лицето Дарко Димовски. По наведеното барање за упис Централниот регистар донел Заклучок за прекин на постапка број 30120160044043 од 23.11.2016 година, а прекинот на постапката ќе трае се до донесување на конечна одлука по преддходно поднесена пријава во Централниот регистар заведен под број 30120160044043 од 18.11.2016 година. Незадоволен од цитираниот заклучок, лицето Дарко Димовски поднел жалба.

Сојуз на синдикати на Република Македонија на ден 29.12.22016 година поднел барање бр.08-8191/9 за поништување на решение. Постапувајќи по наведеното барање, Министерството за труд и социјална политика, откако утврдило дека Решението на Министерството Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година содржи неправилности кои што преставуваат причина за поништување на решението, донело Решение бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година со кое Решението на Министерството за труд и социјална политика од Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година, за впишување на лицето Дарко Димовски од Скопје во Регистарот на синдикатите како лице овластено за застапување, го поништил.

При постапувањето по Предлогот на Дарко Димовски од Скопје за заштита поради незаконско дејствие, Судот најде дека предлагачот Предлогот во кој се повикал на член 57 од Законот за управните спорови, го насочил према Централниот регистар на Република Македонија како противник, наведувајќи дека овој орган сторил незаконско дејствие со пропуштање да изврши дејствија кои произлегуваат од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на другите правни лица, непостапувајќи по Решението Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година со кое што постапувајќи по барање бр.08-8191/1 од 14.11.2016 година поднесено од Претседавачот на Сојузот на Синдикати за промена на лице овластено за застапување во Регистерот на синдикати кој се води во Министерството и тоа на начин што донел заклучок за прекин на постапката а прекинот на постапката ќе треа до правосилно завршување на постапката пред ОЈО Скопје број КО 3 бр.583/2016.

Од содржината на Предлогот за заштита поради незаконско дејствие, кој се заснова на посебните одредби од Законот за управните спорови, произлегува дека предлагачот е незадоволен поради непостапување на Централниот регистар на Република Македонија по Решението на Министерството за труд и социјална политика Бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година и поради ваквото дејствие за кое смета дека е незаконито, бара да се задолжи Централниот регистар да изврши упис на промена на лице овластено за застапување на Синдикатот на начин што наместо лицето Живко Митревски како овластено лице на Сојузот на синдикати на Македонија, ќе го запише лицето Дарко Димовски. Со прецизирањето на Предлогот од 24.01.2017 година е појаснето кои права загарантирани со Уставот му се

повредени на предлагачот со незаконитото дејствие на одговорно лице/овластено лице за регистрација на Централниот Регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија Скопје, со посебен акцент дека Централниот регистар на Република Македонија, не постапил по Барањето и Решението на Министерството за труд и социјална политика, туку ја прекинал постапката меѓутоа за тоа не донел формален акт-Заклучок, не оставајќи можност заинтересираните страни да изјават жалба а потоа евентуално да покренат управен спор.

По оценка на овој суд во конкретниот случај од сите приложени списи и кон предлогот и кон одговорот на предлогот, произлегува дека всушност нема непостапување на одговорно лице/овластено лице за регистрација во Централниот регистар на Република Македонија-Регионална регистрациона канцеларија Скопје, а со тоа нема ни основ за поднесување на Предлог за заштита од незаконито дејствие согласно одредбите од Законот за управните спорови. Ова од причина што Централниот регистар на Република Македонија постапувал по поднесеното решение бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година на Министерството за труд и социјална политика и тоа прво е постапено по Пријава од 18.11.2016 година, по кое е донесен Заклучок број број 30120160044043 од 21.11.2016 година. Второ, постапено е и по повторната пријава од 22.12.2016 година за упис, по што е донесен Заклучок број 30120160044043 од 23.11.2016 година и трето постапено е и по пријавата за упис од 09.01.2017 година по што, со Заклучок со дел.бр. 30120160044043 од 09.01.2017 година постапката се прекинува и прекинот според овој заклучок кој е приложен од противникот, трае се до донесување на конечна одлука по предходно донесените пријави во Централниот регистар заведени под деловоден број 30120160044043 од 18.11.2016 година и број 30120160044043 од 23.12.2016 година.

Имено, од приложените списи се утврди дека по донесување на решението од 14.11.2016 година по кое постапката пред Централниот регистар е прекината со заклучокот од 21.11.2016 година, Министерството за труд и социјална политика има донесено ново Решение бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година (со кое се поништува решението од 14.11.2016 година. По вака донесеното решение од 29.12.2016 година, до Централниот Регистар на Република Македонија е поднесена нова пријава за упис на 09.01.2017 година по која постапката е прекината со нов Заклучок со дел.бр. 30120160044043 од 09.01.2017 година и прекинот според овој заклучок кој е приложен во списите, трае се до донесување на конечна одлука по предходно донесените пријави во Централниот регистар заведени под деловоден број 30120160044043 од 18.11.2016 година и број 30120160044043 од 23.12.2016 година по пријава за упис кои се однесуваат за истиот субјект, што укажува на фактот дека од страна на Министерството веќе има нов конечен управен акт против кој незадоволната странка има право да заведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на решението.

Според Овој суд, од погоре цитираните одредби од Законот за управните спорови произлегува дека - за да може да се бара судска заштита согласно одредбите од цитираниот член 55 од ЗУС, мора да бидат кумулативно исполнети следните услови: да се работи за слободи и права на човекот и граѓаниниот кои се загарантирани со Уставот, да тие слободи и права се повредени со конечен поединечен акт-што значи да против тој акт неможе да се изјави редовен правен лек или ако е допуштена жалба истата да е искористена и да во правниот систем не е обезбедена друг вид на судска заштита.

По оценка на Судот, од изнесеното произлегува дека не се исполнети кумулативно предвидените услови за поднесување за предлог за заштита поради незаконско дејствие, поради тоа што, во конкретниот случај од една страна нема непостапување на Централниот Регистар на РМ бидејќи истиот по секоја поднесена пријава за упис има донесувано акт на кој е предвидено право на жалба, а од друга страна пак на донесените акти кои се од друг орган - Министрството за труд и социјална политика - е обезбедена друга судска заштита односно решението на кое се заснова Предлогот за заштита поради незаконско дејствие бр.08-8191/2 од 14.11.2016 година, можело да биде предмет на управен спор согласно дадената правна поука на истото, како и против новото Решение бр.08-8191/10 од 29.12.2016 година со кое е поништено првичното решение на кој се заснива овој предлог. Наведеното укажува дека не само што е обезбедена друга судска заштита за повредата на правата на предлагачот со конечен поединечен акт, туку во конкретниот случај и постапката за упис на решението од 14.11.2016 година за чие непостапување предлагачот смета дека противникот сторил незаконито дејствие, е прекината со акт - Заклучок од 21.11.2016 година во кој се дадени причините за прекинот и времетраењето на прекинот на постапката за упис по решението од 14.11.2016 година и на ваквиот заклучок е дадено право на жалба, а исто така и на заклучокот од 23.12.2016 година со кој е прекината постапката по пријава за упис на Министерството за труд и социјална политика заведено во Централниот регистар на 22.12.2016 година поради решавање на претходно прашање – до донесување на конечна одлука по предходно поднесената пријава во Централниот Регистар заведена под деловоден број 30120160044043 од 18.11.2016 година, е дадена поука за правно средство - жалба до Комисијата за жалби при Централниот регистар на Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесеното, Судот од списите приложени кон Предлогот и Одговорот на предлогот даден од спротивната страна, оцени дека не се исполети кумулативно предвидените услови во член 55, член 56, член 57 и член 58 од Законот за управните спорови, па во смисла на погоре изнесените образложени причини, одлучи како во изреката на решението и го одби предлогот како неоснован согласно член 62 став 1 од Законот за управните спорови.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 10.05.2017 година под УСПИ.бр.15/2017.

Записничар – виш судски соработник<br>Лапосава Веноска

Претседател на советот - Судија<br>Нада Иванова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на истото, преку овој суд до Врховниот суд на Република Македонија.

Решението да се достави на:
- полномошникот на предлагачот
-противникот
- ЗЛ Живко Митревски Сојуз на синдикати на Република Македонија

Претседател на советот - Судија<br>Нада Иванова

НК/